**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,** во совет составен од Матилда Бабиќ, претседател на советот, Нада Прочкова, Снежана Таневска, Петар Аневски и Љубинка Башеска, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинската постапка против Р.П., нотар од С., по одржаниот претрес согласно член 25 и 29 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, во отсуство на нотарот, уредно канет, на ден 29.03.2019 год., го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Дисциплинската постапка против Р.П., нотар од С., поведена со Предлогот за поведување на дисциплинска постапка на Министерството за правда УПП бр. 09-184 од 21.12.2018 год., за сторена дисциплинска повреда по член 140 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот – „Повреда на должност утврдена со закон со што се загрозува довербата на непристрасност на нотарот во исправите кои ги составува, особено ако презема службено дејствие за работа за која според закон не е дозволена“, **СЕ ЗАПИРА.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Во Предлогот за покренување на дисциплинска постапка, доставен до Дисциплинскиот совет на НКРМ од страна на Министерството за правда УПП бр.09-184 од 21.12.2018 год., се укажува дека именуваниот нотар сторил дисциплинска повреда по член 140 став (1) алинеја (1) од Законот за нотаријатот, на начин детално опишан во истиот, со предлог спрема него да биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

Во текот на дисциплинската постапка именуваниот нема доставен писмен одговор на Предлогот за поведување на дисциплинска постапка и докази кои се однесуваат на предметната дисциплинска повреда.

Дисциплинскиот совет врз основа на оцена на наводите од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, како и врз основа на изведените докази доставени со Предлогот за поведување на дисциплинска постапка и решението на Министертвото за правда, бр. 09-5823/1 од 21.12.2018 год., наоѓа дека не се исполнети законските услови за натамошно водење на дисциплинска постапка против именуваниот нотар, поради следниве причини : според член 132 став (1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник РМ" бр. 72/16), нотарот одговара дисциплински за повреда на службената должност што ќе ја стори по своја вина, а според став (2) за повреда на законот, Кодексот на професионалната етика на нотарите и актите на Комората нотарот одговара дисциплински. Меѓутоа, нотарот може да биде дисциплински одговорен само за времето за кое е именуван согласно член 3 став (1) од Законот за нотаријатот, и во кое ја врши нотарската служба како основно занимање. Тоа значи дека нотарот е дисциплински одговорен само додека ја врши нотарската служба и дека со денот на престанокот на службата престанува можност дисциплински да одговара пред органите на Нотарската Комора. При тоа, и во случај кога против нотарот била поведена дисциплинска постапка, а во меѓувреме да му престанала службата, истата ќе биде запрена поради тоа што за нејзиното натамошно водење отпаднал законскиот основ.

Во конкретниов случај, на именуваниот нотар, нотарската служба му престанала заклучно со 5.01.2019 год. согласно со член 18 став (1) точка б) од Законот за нотаријатот, поради навршување на 64 години возраст, а врз основа на решението бр.09-523/1 од 21.12.2018 год. донесено од страна на Министерство за правда, кое согласно со членот 22 став (2) од наведениот закон е објавено во „Сл.весник РМ" бр. 245/18 од 28.12.2018 год. Според тоа, поради напредизложеното, не се

исполнети законските услови од цитираниот член 132 став (1) и (2) од Законот за нотаријатот, против Р.П., поранешен нотар од С., да биде водена дисциплинска постапка, поради што е одлучно како во изреката на решението согласно со членот 33 став (1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на НКРМ.

**Претседател на советот,**

**Матилда Бабиќ**

ПРАВНА ПОУКА: против решението
може да се поведе управен спор
во рок од 30 дена по приемот на
истото;
ДН:
-Р.П.;
-Архивата;